Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# за одбивање на приговор

1. Приговорот на НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје УП2 09-120/26 од 27 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20251204_1635 од 16.02.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20251204_1635 од 16.02.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

НЈСК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-120/26 од 27 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20251204_1635 од 16.02.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), издадено поради фактот што предметната фотонапонска електроцентрала (понатаму: ФЕЦ) не е вклучена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти (понатаму: ГП).

Се работи за фотонапонска електроцентрала со инсталирана моќност од 999,46 kW.

Подносителот на приговорот потенцира дека за предметната ФЕЦ поседува Решение за изведување/поставување на фотонапонска електроцентрала која се поставува на објект со инсталирана моќност од 999,46kW на КП бр. 159/19, КО Ќојлија, Општина Петровец со правосилност од 03.12.2025 година, доставено до ОДС во прилог на Барањето за согласност за приклучување.

Според Електродистрибуција – согласно, член 87, став (13) точка 1 од Законот за енергетика, Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на

електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти. Оттука, ОДС не може да издаде Решение за приклучување на енергетски објекти кои не се опфатени во Годишниот план.

Доколку некој објект не е во Планот за изградба на енергетски објекти донесен од Министерство за енергетика, не може да биде приклучен на преносен ниту дистрибутивен систем.

На сите баратели кои беа влезени во Годишниот план за 2025 година им е издадено Решение за согласност за приклучување, а кога барателите ќе бидат дел од некој иден Годишен План, на истите ќе може да им се издаде Решение за приклучување, доколку има технички услови.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 3 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-120/26 од 27 февруари 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Тековна состојба на Друштвото

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 5 март 2026 година со прилог:

- Имотен лист
- Решение за изведување/поставување на фотонапонска електроцентрала која се поставува на објект со инсталирана моќност од 999,46kW на КП бр. 159/19, КО Ќојлија, Општина Петровец со правосилност од 03.12.2025 година

3. Дополна од 19.03.2026 година со прилог:

-GIS скица
- Слика од Барањето за согласност за приклучување

На седницата се заклучи Приговорот повторно да се разгледува на седница на Комисијата за приговори за електрична енергија.

На 24 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно, член 87, став (13) точка 1) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Согласно член 299 став (1) од Законот за енергетика - енергетските објекти за кои е добиено:
- одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на преносната или дистрибутивната мрежа или
- овластување за изградба на нови енергетски објекти, согласно Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) или друг закон, во рок не подолг од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за објекти опфатени односно вклучени во Годишниот план за изградба

на енергетски објекти за 2025 година и најдоцна до 15 ноември 2025 година може да поднесат барање за овластување до Министерството.

Предметниот објект не е опфатен со горенаведениот член 299 став (1) поради фактот што за истиот не е обезбедено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, односно барањето за издавање на решение за согласност за приклучок е поднесено на 04 декември 2025 година, а правосилност на Одобрението за градење е на 3 декември 2025 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–120/26**
**7 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**